# З А П И С Н И К

## од 28-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 29.11.2023 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 14.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутен беше советникот Мила Дончева.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 28 мата редовна седница беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
2. Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година;
3. Предлог – Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово;
4. Предлог – Правилник за организационата поставеност на „Фолк Фест“ Валандово;
5. Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово;
6. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година;
7. Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година;
8. Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка” Валандово;
9. Предлог – Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата.
10. Предлог-Одлука за бесплатен престој на децата во ЈОУ,,Детска градинка ,,Калинка,,Валандово

Беше отворена расправ по предложениот дневен ред:

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 14 гласа ЗА.

Пред да се премене на работа по дневниот ред на 28-тата редовна седница беше отворена расправа по записникот од 27 тата редовна седница на советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 14 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше раководителката на Одделението за финансиски праќања и јавни набавки во Општина Валандово Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година повторно Марија Чурлинова Јорданова имаше излагање.

Беше отворена дискусија.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека гледајќи ги бројките кои се прикажани во Предлог Буџетот за 2024 година јасно е дека реализацијата не е поголема од претходните години, бидејќи буџетот не дозволува планирање на средства, во поголем износ од 20%, па затоа имаме намалување во буџетот од околу 20 000 000 денари.Рече дека тој ќе се задржи повеќе на основниот буџет бидејќи тоа е што општината го реализира, за плати, надоместоци и др., додека буџетот на донации е за образовните институции, дом на култура, детска градинка. Рече дека во основниот буџет се планирани 89 000 000 денари за 2024 година. Од овие средства околу половина би отишле за плати на јавната администрација. Приходите од дотација на ДДВ кои се некаде близу од 30 000 000 во кои е вклучена и таксата за јавно осветлување предвидено нејзино намалување за околу 1 000 000 денари, па искажа сомнеж дали би се реализирал ваков буџет. Приходите кои се прибираат од данок на имот, од административни такси, па во контекст на ова го спомна вицот за човекот кој добил на лото многу пари и кога го прашале што ќе направи со нив, тој рекол дека ќе си ги плати долговите. На прашањето што ќе направи со останато, рекол дека останатите ќе почекаат.

Градоначалникот зема збор. Му се заблагодари на советникот Тоше Тодоров за сликовитиот приказ на нацрт буџетот. Рече дека ова е Нацрт Буџет и во месец декември ќе има простор да се направат корекции и ги повика сите граѓани да се вклучат во изготвувањето на Буџетот со свои сугестии. Рече дека тој е направен според законските одредби .Го исправи советникот Тоше Тодоров и рече дека приходи од донации се средствата кои се добиваат заради остварување на проекти на образовните институции, додека средствата кои се добиваат од центаралната власт се приходи од дотации. За наплата од данок на имот рече дека процентот на наплата е 100% и тоа може да се види од кварталните извештаи во текот на целата година. Законските одредби не дозволуваат да се зголеми рамката повеќе од 20%.Бидејќи во Буџетот е планирано продажба на собраниската зграда, а истата не е реализирана, нема целосна реализација на буџетот, а таа мора повторно да се планира за да може да се продаде кога ќе бидат целосно готови ГУП и ДУП на градот.Инаку рече дека Буџетот има социјална компонента и ќе биде наменет за сите граѓани и ги повика сите да се вклучат во носењето на истиот.Рече дека овој Буџет се носи за целата наша заедница.

Немаше други пријавено за дискусија, па нацрт Буџетот беше ставен на гласање и беше изгласан со 8 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово никој не се јави за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Правилник за организационата поставеност на „Фолк Фест“ Валандово образложение даде вработената во општинската администрација Анита Трајкова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Тој се обрати на земјоделците во Општина Валандово кои претрпеа штети од невремето кое ја зафати општината на 28.07.2022 година. Рече дека Елаборатот е вратен на Општината од Државната комисија за штети од елементарни непогоди поради некоректни количини и цени. Па затоа предвидените штети од 31 000 000 се намалени на 13 000 000, по што ќе има намалување со одобрувањето од 15 – 20% , па би дошло од 2,5 до 3 000 000 денари за сите земјоделци. Рече дека тој ќе гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година повторно Анита Трајкова имаша образложение.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 7

По Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 8

По Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка" Валандово образложение даде претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ. Рече дека на комисијата за мандатни прашања и е даден предлог за член на УО на ,,Калинка, да биде Марјана Кнежевиќ.

Никој не се јави за збор, па предлогот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата повторно претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ имаше излагање. Рече дека на комисијата за мандатни прашања и е даден предлог за член на Комисијата за јавно осветлување е предложен Славе Станисавовски.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор, па предлогот беше ставен на гласање и едногласно изгласан со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 10

По Предлог-Одлука за бесплатен престој на децата во ЈОУ,,Детска градинка ,,Калинка,,Валандово беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА

Со ова беше иссцрпен дневниот ред и бидејќи немаше советнички прашања, седницата беше заклучена.

Записничар
С. Димитров

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков